# СОВРЕМЕНА ФРАНЦУСКА ГРАФИКА

*(од збирките на МСУ, Скопје)*

*Уметничка галерија „Безистен", Штип,*
*јули 1991*
*Уметничка галерија „Моша Пијаде", Битола;*
*август 1991*
*Ликовен салон, Титов Велес,*
*септември 1991*
*Центар за култура „Марко Цепенков". Прилеп,*
*октомври 1991*

Со изложбата „Современа француска графика" Музејот на современата уметност во Скопје ја продолжува основната иницијатива по пат на ваков вид презентација, пошироката јавност во Републиката да ја запознае со дел од богатата музејска меѓународна графичка збирка.

Француските уметници (сликари, скулптори, графичари) подарувајќи ликовни дела овозможија Музејот на современата уметност во Скопје да се здобие со квалитетна ликовна донација преку која впечатливо е претставена современата ликовна клима во Франција во 60-тите години, всушност во Париската школа воопшто. Дел од таа богата донација (270 уметнички дела од 148 автори) претставуваат и презентираните 29 графики од 27 автори што во овој подиум достигнале висок квалитет.

Изложбава ни го потврдува сознанието дека во денешната графика не постои потполно самостоен јазички систем, независен од истовремените јазички системи на сликарството и скулптурата, туку напротив, сите овие дисциплини се надополнуваат и создаваат еден општ уметнички сензибилитет на нашето време. Ова станува уште поразбирливо ако се земе во предвид фактот дека графиката денес е поле на живо нтересирање на голем број уметници, кои што својата ликовно естетска вокација ја изразуваат, пред сè, во сликарството и скулптурата, па затоа е сосема нормално што тие во графиката ги внесуваат оние исти содржини и структури што истовремено ги разработуваат во другите ликовни медиуми. Сепак, идејната и формалната проблематика на графиката не е потполно идентична со постоечката проблематика во сликарството и скулптурата, а неминовните разлики се резултат, пред сè, на специфичностите на самиот медиум.

Преку изложените графички листови на авторите хронолошки создавани во 60-тите и 70-тите години, откриваме разновидни стилски определености: лирска, геометриска, експресионистичка апстракција, енформел, надреализам, истражувања во доменот на фигурацијата, хиперреализам со концептуални размислувања и др.

Во својата ликовна естетика Ханс Хартунг поаѓа од основата на секоја пластична операција — од дамката, линијата и потегот. Со слободен, енергичен потег врежува сплет од вертикални и дијагонални линии и користејќи ја литографијата како техника ја пренесува лирски интонираната ликовна визија.

Графиката на Жан Месажје го потврдува неговиот ликовен сензибилитет кој стилски го истакнува како еден од најзначајните претставници на лирската апстракција. Нагласениот линеаризам го постигнува со црно-белите ефекти на разиграните линии.

Својата ликовна активност, Ана Ева Бергман ја врзува за уметничкиот круг на Париската школа, а нејзиниот израз се движи во доменот на „асоцијацијативната" апстракција, што се согледува и во графичкото творештво. Нејзините линии формираат асоцијации на мотиви од природата: месец, сонце, стена, планина...

Во литографијата на Морис Естев е присутна извонредна пластичност на апстрактно организираните недефинираните органски форми со интензивен колорит.

Жан Лирса е автор кој се изразува во повеќе медиуми (сликарство, таписерија, керамика), но извонреден квалитет постигнува и во графиката во која продолжува да ја разработува сојата лична вокација — експресивен и надреалистички стил..

Интернационалниот карактер на Париската школа го следиме и преку Антони Клаве, уметник од шпанско потекло, во чие графичко творештво се чувствува инспирација од декоративните елементи карактеристични на текстилот, што е основа во неговото изразување во тапisеријата.

Лирско-асоцијативниот апстрактен јазик на Грегори Мазуровски го откриваме во чисто изведениот бакропис.

Посебниот ликовен ракопис на Бернар Бифе е презентиран со две графики, работени во техника литографија. Своевидниот експресионизам доловен преку аглестите линии со минимални колористички интервенции ни создава чувство на отуѓеност, беда и бесперспективност.

Стилските размислувања на Жан Жак Дејрол навлегуваат во геометриските тенденции на апстрактната уметност. Во литографијата, изведена 1956 година, апстрактно-асоцијативните геометриски форми ги смирува со рафинираниот колорит.

Нонфигуративни истражувања со ремнисценции на кубистичката естетика среќаваме во графиката на Зора Стак. Чистота во изразот постигнвува со геометризирањето на ликовните елементи, дводимензионалниот третман на просторот и суптилниот колорит.

Најочигледен афинитет кон естетиката на енформелот откриваме во графичкиот лист на Барбара Квасниевска.

Геометриска апстракција со оп-артистички ефекти следиме во графичкото творештво на Ками Сугаи, уметник од јапонско потекло, кој во париската културна средина живее и твори од 1952 година.

Анри Жорж Адам е автор во чиј ликовен ракопис се рефлектираат актуелните геометриски тенденции, додека во графичките лстови на помладите графичари Асадур и Жан Пјер Лерој во геометриски организираната композиција се чувствуваат концептуални размислувања.

Надреализмот чиј формален јазик до денес доживеал значајни промени во однос на своите класични видови, често е пренесуван и во овој медиум. Освен Жан Лирса, надреалистички интонирана композиција наоѓаме и во графиката на Ларс Бо, кој создава необичен, фантастичен свет со животни сместени во имагинирани предели. Нагласен надреализам, со силна експресивност што возбудува следиме во бакрописот на Пол Франк. Надреалистчки ракопис откриваме во графиките на Филип Гуа, Жан Ибер Атали и Ги Русил чиј органски хаос предизвикува вознемиреност.

Нова фигурација со доза на инфантилност, романтичност и поезија ни презентира Ники де Сен Фал, позната во светската ликовна средина со своите слики-објекти работени во духот на новиот реализам.

Питер Стамфли е застапен со дело во кое на реалистичен и графички прочистен јазик обработува мотиви од современото индустријализирано и технизицирано општество.

Хиперреализам со елементи на концептуална уметност е карактеристичен за графиката на Пјотр Ковалски.

Графиката во последниве децении со користењето на фотографијата создаде таков фигуративен пристап, кој е преземен и модифициран од средствата за масовна комуникација, што потоа ќе го користат поп-уметниците изразувајќи ги своите ангажирани размислувања за секојдневниот живот и стварноста. Во тој дух е изведен и графичкиот лист на Хоан Рабаскал.

Поради инвинтивноста, ктеативноста и разновидниот пристап на француските автори, оваа збирка на графики важи за најрелевантна во Музејот на современата уметност.

*Захаринка Алексоска Бачева*



7



26



5



19



3



28

*КАТАЛОГ*

*Анри Жорж АДАМ*
***(Henri Georges Adam) — 1904***

1. *БЕЗ НАСЛОВ, 1960*
*литографија во боја, 75 x 49,5*

*Мишел АНДАЛ*
*(Michèle Andal) — 1931*

2 *ПОРТРЕТ И СВЕТЛИНА IV, 1967*
*бакропис и акватинта во боја, 49 x 40*

*А С А Д У Р*
*(Assadour) — 1943*

3. *ГРАНИЦА, 1977*
*бакрорез и акватинта, 44,5 x 54,5*

*Жан Ибер АТАЛИ*
*(Jean Hubert Attali) — 1937*

4. *ГРАФИКА II*
*бакропис, 67 x 53*

*Ана Ева БЕРГМАН*
*(Anna Eva Bergman) — 1909*

5. *ЛИТОГРАФИЈА БР. 7, 1963*
*литографија во боја, 54 x 38*

*Бернар БИФЕ*
*(Bernard Buffet) — 1928*

6. *ПЕПЕРУТКА III,*
*литографија во боја, 46,5 x 65*
7. *ГЛАВА НА ЖЕНА*
*литографија во боја, 66 x 50*

*Ларс БО*
*(Lars Bo) — 1924*

8. *ГОЛЕМ ЛОВ. 1960*
*бакропис во боја, 40 x 27*

*Филип ГУА*
*(Philippe Goy) — 1942*

9. *КЛУЧОТ НА СОНИШТАТА, 1966*
*бакропис и акватинта, 43,5 x 37*

*Жан Жак ДЕЈРОЛ*
*(Jean Jacques Deyrolle) — 1911—1967*

10. *ГРАФИКА БР. 1, 1956*
*литографија во боја, 49 x 34*

*Бертран ДОРНИ*
*(Bertrand Dorny) — 1931*

11. *„LA BALME", 1969*
*комбинирана техника во боја, 50 x 49*

*Морис ЕСТЕВ*
*(Maurice Esteve) — 1904*

12. *ЦРВЕНО И СИНО, 1963*
*литографија во боја, 64,5 x 49,5*

*Барбара КВАСНИЕВСКА*
*(Barbara Kwasniewska) — 1931*

13. *АЛТАМИРА, 1964*
*бакропис во боја, 58,5 x 49*

*Антони КЛАВЕ*
*(Antoni Clavé) — 1913*

14. *НАВЕЗЕН ЧАРШАВ*
*комбинирана техника во боја. 69 x 39,5*

*Пјотр КОВАЛСКИ*
*(Piotr Kowalski) — 1927*

15. *„NYMPLAUNE LICORNEMENTALE", 1977*
*сито печат во боја, 81,5 к 50,5*

*Жан Пјер ЛЕРОЈ*
*(Jean Pierre Leroy) — 1947*

16. *АНВИРОНМАН БР. 16, 1978*
*сито-печат, 49 x 49*

*Жан ЛИРСА*
*(Jean Lurcat) — 1892—1965*

17. *СОНЦЕ, 1961*
*литографија во боја, 43 x 35*

*Грегори МАЗУРОВСКИ*
*(Gregory Masurovsky) — 1929*

18. *ФЛОРА, 1963*
*бакропис, 42,5 x 17*

*Жан МЕСАЖЈЕ*
*(Jean Messagier) — 1920*

19. *ЕДНО ПОПЛАДНЕ, 1960*
*сува игла, 34 x 56*

*Мишел НЕДЕЛЕК*
*(Michelle Nedélec) — 1931*

20. *МАКАРСКА I,*
*акватинта во боја, 44 x 28,5*

*Хоан РАБАСКАЛ*
*(Joan Rabascall) — 1935*

21. *МАЈ 1968, 1968*
*офсет-литографија, 56,5 x 47,5*

*Ги РУСИЛ*
(Guy Roussille) — 1944

22. *БЕЗ НАСЛОВ, 1971*
*бакропис, 49 x 64*

*Ники Де СЕН ФАЛ*
*(Niki De Saint Phalle) — 1930*

23. *БЕЗ НАСЛОВ, 1980*
*литографија во боја, 50 x 64,8*

*Зора СТАК*
*(Zora Staack) — 1916*

24. *КОМПОЗИЦИЈА I, 1963*
*литографија во боја, 50 x 34*

*Питер СТАМФЛИ*
*(Peter Stampfli) — 1937*

25. *ГОЛЕМИОТ СПОРТ, 1966*
*литографија во боја, 86 x 57,5*

*Куми СУГАИ*
*(Kumi Sugai) — 1919*

26. *ЦРНА МАСА, 1964*
*литографија во боја, 62 x 47*

*Пол ФРАНК*
*(Paul Franck) — 1918*

27. *СТРАВ, 1965*
*бакропис, 49 x 30*

*Ханс ХАРТРУНГ*
*(Hans Hartung) — 1904—1989*

28. *БР. 69, 1958*
*литографија, 42 x 57*

29. *Бр. 124, 1964*
*литографија, 48 x 64*

издавач:
музеј на современата уметност—скопје
одговорен уредник:
слободанка парлиќ баришиќ
организација на изложбата,
предговор и каталошки податоци:
захаринка алексоска бачева
ликовно обликување:
стефан георгиевски
печат:
гип „гоце делчев", Скопје
тираж: 500